# Записник од 78 -та седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА
MINISTRIA E SHOQËRISË INFORMATIKE DHE ADMINISTRATËS
Бр.-Nr. 14 - 221/5
04.06 2024 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Место на одржување** | Сала за состаноци на Агенција за електронски комуникации (АЕК) | | |
| **Датум** | 08.03.2024 година | **Време** | 13.00 – 15.15 часот |
| **Бр. на седница** | 78-ма седница | | |
| **Состанокот го води** | Анастас Мишев, заменик претседател на НКБК | | |
| **Учесници** | **Поканети:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>5. Славица Настеска – член на НКБК<br>6. Лавдрим Елмази – член на НКБК<br>7. Блерта Превала Етеми– член на НКБК | **Присутни:**<br>1. Анастас Мишев, зам.претсед.<br>2. Боро Јакимовски – член<br>3. Зоран Дервишов – член<br>4. Славица Настеска – член<br>5. Лавдрим Елмази – член | |
| **Други присутни на состанокот** | / | | |
| **Логистичка поддршка** | / | | |

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на предлог Записникот од седницата на НКБК одржана на 16.02.2024 година;
2. Разгледување на прашањата и предлозите од консултантите за изработка на Физибилити студијата и финализирање на дописите до институциите;
3. Разно.

**Тек на седницата**

Заменик претседателот на НКБК, Анастас Мишев, ја отвори 78-та редовна седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК), при што утврди дека се присутни пет членови на НКБК, со што телото може полноважно да одлучува. Дневниот ред беше усвоен едногласно од сите присутни членови.

**За првата точка од дневниот ред,**

Во рамките на првата точка, членовите на НКБК го усвоија записникот од 77-та седница, одржана на 16.02.2024 година.

**За втората точка од дневниот ред,**

Во рамките на втората точка, заменик претседателот на телото, Анастас Мишев, отвори дискусија за прашањата и предлозите доставени до Министерството за информатичко општество и администрацијата од страна на консултантите на компанијата COWI, задолжени за подготовка на Студијата за изводливост за Националната транспортна оптичка мрежа (НТОМ).

Членовите на експертското тело подготвија одговори на прашањата на консултантите и истите по електронски пат беа доставени до МИОА.

На седницата беа финализирани дописите што Министерството за информатичко општество и администрација треба да ги достави до Агенцијата за електронски комуникации и ЈП Македонска радиодифузија, кои што треба да ги обезбедат бараните податоци. Дописот до Државниот завод за статистика претходно беше доставен до МИОА по електронски пат.

**За третата точка од дневниот ред,**

Во рамките на точката „Разно“, беше финализиран дописот до СЕП во врска со проектот на ЕК WiFi4WB6 согласно Планот за раст за Западен Балкан, по одржаниот Самит во Тирана.

Записникот го водеше заменик претседателот на НКБК
**Анастас Мишев** ______________________